ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16) и („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19 и 244/19, член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 38 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10 и 18/14), Градоначалникот на општина Гевгелија распишува:

## КОНКУРС
## за финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес за општина Гевгелија за 2022 година

**I**

За остварување на јавните потреби од областа на спортот, Градоначалникот на општина Гевгелија распишува Конкурс за финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес за општина Гевгелија за 2022 година.

Спортските активности, програми и манифестации од интерес за општина Гевгелија, Општината ги утврдува со Програма за финансирање на спортските активност во општина Гевгелија.

Средствата за финансирање ќе се обезбедат со Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

**II**

На Конкурсот имаат право да учествуваат правни и физички лица – државјани на Република Северна Македонија.

Под правни лица се подразбираат: спортски здруженија, спортски клубови, здруженија на граѓани, училишни спортски сојузи, трговски друштва, акционерски друштва, трговци поединци регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејност спорт, како и правно лице кое покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, е регистрирано и за вршење дејност спорт.

**III**

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес за општина Гевгелија, согласно законската регулатива и Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес за општина Гевгелија (www.gevgelija.gov.mk), односно Општината ќе ги финансира:

- традиционалните спортски приредби и манифестации од локален, регионален, национален и меѓународен карактер;
- програмите, проектите и активностите на сите заинтересирани спортски субјекти кои ќе доставаат програми и проекти за организирање манифестации и спортски настани од особен интерес за општина Гевгелија;
- програмите, проектите и активностите на спортисти-аматери, учениците во основните и средното училиште на подрачјето на општина Гевгелија;
- спортско-рекреативните активности на лица со посебни потреби.

Општина Гевгелија ќе учествува во финансирање: програми, проекти, натпревари и манифестации кои не се опфатени во претходните позиции, а кои со својата актуелност, атрактивност, квалитет и значење придонесуваат кон остварување на програмските цели во областа на спортот на општина Гевгелија за 2022 година.

**IV**

Апликантите, покрај пријавата, задолжително треба да ги достават следните документи:

- Документ за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Северна Македонија;
- Потврда за отворена и активна жиро-сметка,
- Во зависност од статусот на апликантот, да се достави Решение за вршење на дејност спорт, издадено од Агенција за млади и спорт на Република Северна Македонија.

**V**

Пријавите (апликациите) задолжително се преземаат од официјалниот веб-страница на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. Пријавите со потребните документи треба да се доставaт до Општина Гевгелија, преку пошта на адреса: ул. „Димитар Влахов“ бр.4, Гевгелија или во Архивата на Општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот, со назнака: „**Конкурс за финансирање програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот за 2022 година**“

Апликантите **задолжително** да ги достават пријавите и по електронски пат (Word форма) на следнава e-mail адреса: petarjancev@yahoo.com.

Конкурсот ќе трае од **19.11.2021 година до 18.12.2021 година.**

**Напомена:** Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

**VI**

Резултатите од Конкурсот ќе бидат во вид на Програма за финансирање спортските активност во Општина Гевгелија за 2022 година која ја носи Советот на Општина Гевгелија, а ќе биде објавена во Службен гласник и веб-страницата на Општината.

Дополнителни информации можат да се добијат на тел.: 034/211-211.

Бр. 14-1741
18.11.2021 год.

Градоначалник
на општина Гевгелија
Андон Сарамандов